СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРАКСАТА ЗА ИЗМЕНА НА УСТАВИТЕ ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ ВО ЕВРОПА

***Скопје, ноември 2021***

- Прашањето за уставните измени се наоѓа во сржта на уставната теорија и пракса. Конституционализмот имплицира дека фундаменталните правила за ефективно остварување на државната власт и заштитата на индивидуалните човекови права треба да бидат стабилни и предвидливи, а не да се предмет на чести измени. Ова е клучно кога се зборува за легитимноста на уставниот систем. Исто така, понекогаш се неопходни и сосема суштински уставни измени заради подобрување на демократското владеење или прилагодување на политичките, економските и социјалните трансформации. Сепак, имајќи го предвид фактот дека основањето на државите се впишува во самиот устав, измената на овој значаен документ е прашање од голема важност.[1]
- Уставните измени односно реформи се сложен и долг процес. Во некои европски држави овие постапки се одвиваат во текот на повеќе години и се постигнуваат преку последователни групи на амандмани.[2]
- Во однос на бројот на измената на уставите на државите, постојат големи разлики во различни држави. Постојат држави во кои уставните измени се толку чести што се случуваат скоро секоја година. Во Австрија на пример, измените на Уставот на годишно ниво варираат од еден до шест пати (со исклучок на годините кога немало воопшто ниту една измена). швајцарскиот и белгискиот устав, исто така, се менуваат доста често. Во грузискиот устав има повеќе од триесет измени.
- Во други држави, уставните измени се многу ретки. Во Шведска, Актот за сукцесија кој е дел од четирите фундаментални закони на Уставот е сменет само еднаш. Во Романија немало воопшто никакви измени од 2003 година. Шпанскиот устав има претрпено само две измени. Уставот на Полска, исто така, од 1997 година е изменет само два пати. Во Финска, Уставот е изменет четири пати од неговото влегување во сила од 2000 година. Бугарскиот устав е изменет само пет пати од 1991 година. Грчкиот устав пак од 1975 година има претрпено 4 ревизии. Уставот на Република Северна Македонија од 1991 година до денес, е изменет 8 пати. Има неколку години во кои не постои воопшто ниту една измена, но во некои

[1] REPORT ON CONSTITUTIONAL AMENDMENT
Adopted by the Venice Commission at its 81st Plenary Session (Venice, 11-12 December 2009)
https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2010)001-e

[2] Constitutional reforms
https://www.venice.coe.int/WebForms/pages/?p=02_Reforms&lang=EN

години има измени во над 15 членови од Уставот. Уставот на Литванија од 1992 година е изменет 10 пати.

Табела 1. Број на измени на уставите на избрани држави во Европа

| Ред. бр. | Држава | Година на донесување на Уставот | Број на уставни измени |
|---|---|---|---|
| 1 | Албанија | 1998 | 6 |
| 2 | Белгија | 1831 | Повеќе од 30 пати |
| 3 | Бугарија | 1991 | 5 |
| 4 | Хрватска | 1990 | 5 |
| 5 | Кипар | 1960 | 14 |
| 6 | Чешка | 1993 | 8 |
| 7 | Естонија | 1992 | 5 |
| 8 | Финска | 2000 | 4 |
| 9 | Франција | 1958 | 24 |
| 10 | Грузија | 1995 | Повеќе од 30 пати |
| 11 | Германија | 1949 | 64 |
| 12 | Грција | 1975 | 4 |
| 13 | Унгарија | 2011 | 7 |
| 14 | Ирска | 1937 | 32 |
| 15 | Италија | 1947 | 12 |
| 16 | Латвија | 1991 | 8 |
| 17 | Литванија | 1992 | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18** | Молдавија | 1994 | 8 |
| **19** | Холандија | 1814 | Повеќе од 40 пати |
| **20** | Северна Македонија | 1991 | 8 |
| **21** | Норвешка | 1814 | Релативно чести |
| **22** | Полска | 1997 | 2 |
| **23** | Португалија | 1976 | 7 |
| **24** | Романија | 1991 | 1 |
| **25** | Словачка | 1992 | 19 |
| **26** | Словенија | 1991 | 10 |
| **27** | Шпанија | 1978 | 2 |
| **28** | Шведска | 1974 | 1 |
| **29** | Швајцарија | 1999 | 44 |
| **30** | Турција | 1982 | 19 |

Изработила: Ивана Арсовска Трајановиќ

Одобрила и согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

____________________________

м-р Златко Атанасов